**Предмет: Покана за годишната Меѓународна регулаторна конференција на АЕК за 2018 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0201-1011/4
17.04.2018

**Почитувани,**

Имам голема чест и задоволство да Ве поканам на Годишната меѓународна регулаторна конференција (ИРЦ) која ќе се одржи во Охрид, Република Македонија, од 14 до 16 мај 2018 година, организирана од Агенцијата за електронски комуникации.

И оваа година Агенцијата за електронски комуникации ќе одржи Меѓународна регулаторна конференција за дигитално општество, со цел да се поттикне јавна дискусија за прашања поврзани со најновите случувања во ИКТ секторот. Сакавме да додадеме дека оваа година насловот на конференцијата ќе биде: **"Време за акција",** надевајќи се дека ќе поттикне сет од акции меѓу нашата мрежа на регулаторни тела за зајакнување на соработката и подобрувањето во нашето поле на работа.

Познати личности, од македонските и меѓународни институции се поканети, меѓу кои и владини претставници, регулаторни тела, претставници на МСУ, претставници на Европската унија, оператори, други компании, како и клучни личности на македонскиот и глобалниот пазар на електронски комуникации.

Годишнава Меѓународна регулаторна конференција 2018 година се планира да се организира како дводневен настан и ќе се одржи во Хотел "Метропол" во Охрид, Република Македонија.

Искрено верувам дека оваа конференција ќе обезбеди одлична платформа за да има значаен дијалог помеѓу сите засегнати страни и одлична основа за размена на мислења за теми од заеднички интерес преку споделување на знаења и искуства.

Потврда за учество може да се изврши по емаил на доле наведеното лице најдоцна до

5 Мај 2018 година и тоа:

Г-ца Драгица Лепавцова (email: dragica.lepavcova@aec.mk), и

Учесниците кои сакаат да одржат презентации се добредојдени да ги испратат своите предлози најдоцна до 1 мај 2018 година на е-маил до г-ца Драгица Лепавцова dragica.lepavcova@aec.mk. и г-дин Александар Ацев e-mail: aleksandar.acev@aec.mk

Се надевам дека ќе бидете во можност да учествувате и да дадете драгоцен придонес на годишнава Меѓународна регулаторна конференција 2018.

Очекувам да ве поздравам во Охрид.

Со почит,

**Сашо Димитријоски**